АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 26.05.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3630 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 мај 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 мај 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија);

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, емитуван на 5 мај 2015

година, **констатирано е прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Имено, според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување, ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, емитува програма на бошњачки и на македонски јазик. Спротивно на ова, на 5 мај 2015 година емитува *„Смешни инсерти“*, во кои голем дел од дијалозите се емитувани на англиски јазик, без превод на бошњачки или на македонски јазик.

| Наслов на емисија | Датум на емитување | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај | |
| *Смешни инсерти* | 05.05.2015 г. | 19:03:25 | 19:17:12 | Во *„Смешни инсерти“* голем дел од дијалозите се емитувани на англиски јазик, без превод на бошњачки или на македонски јазик. |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, на 5 мај 2015 година, во емисијата *„Смешни инсерти“* не е обезбеден превод на бошњачки или на македонски јазик.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај и согласно точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор за почитување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***